Македонско актуарско здружение „Актуар”

# ПРАВИЛНИК ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

Скопје, декември 2015 година

Врз основа на член 23 од Законот за здруженија и фондаци (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 и бр. 135/2010) и врз основа на член 22 од Статутот на Македонското Актуарско Зружение Актуар, Собранието на Македонското Актуарско Здружение Актуар на вонредна седници одржана на 23.12.2015 година донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

## I. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник за континуирано професионално усовршување на Македонското Актуарско Здружение „Актуар" (во натамошниот текст: Здружение):

i. се воведува задолжително континуирано професионално усовршување (во натамошниот текст: КПУ), за секој член на Здружението како поединец (редовен или придружен, во натамошниот текст: Член), укажувајќи на важноста на КПУ;

ii. се дефинираат минималните барања за КПУ;

iii. се дефинира улогата, целта и задачите на Комисијата за КПУ (во натамошниот текст: Комисија).

## II. КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 2

(1) КПУ претставува одржување, подобрување и проширување на знаењата и вештините, како и развој на личните и професионалните квалитети кои се неопходни за извршување на работните задачи од страна на Членот.

(2) Секој Член мора да го спроведува своето КПУ од следните причини:

1) да биде во тек со развојот на актуарските техники, така што неговата работа да биде релевантна и ажурна;
2) компетентноста на Членот во неговата практична област е од јавен интерес;
3) репутацијата и одржливоста на актуарската професија зависи од релевантните и ажурирани мислења на секој Член како поединец;
4) да биде запознаен со тековните методологии и фактори кои влијаат на соодветноста на моделите и претпоставките;
5) да биде свесен за комплексноста на областа во која работи;

6) да биде во тек со новите актуарски практични стандарди и измените во веќе постојните стандарди;
7) да биде во тек со развојот на националната и меѓународната законска регулатива и сметководствени стандарди;
8) да допринесува за развој на актуарската професија во нови области на пракса.

Член 3

(1) Значењето на КПУ за секој Член е нагласена и во Кодексот на однесување на Здружението (принципи на професионално однесување), кој од секој Член бара да одржува највисоки норми на однесување и да ја извршува работата само ако за неа има адекватно знаење и искуство.

(2) Секој Член треба да биде насочен кон континуирано усовршување и проширување на знаењата. Само ако секој член на актуарската професија во целост ја прифаќа идејата за КПУ и ако и другите надвор од професијата ја восприемаат на истиот начин, актуарската професија може да ги задржи и да се надева дека ќе ги прошири своите статутарни и други јавни одговорности.

(3) Секој Член мора да го планира својот професионален развој согласно овој правилник.

Член 4

(1) Минималните стандарди за спроведување и евиденција на КПУ кои се применуваат на секој Член согласно овој правилник, се соодветни на минималните стандарди за спроведување и евиденција за КПУ кои се применуваат на секој овластен актуар и кои се пропишани во Правилникот за правилата на актуарската професија донесен од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, во делот „КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ“.

(2) Секој Член мора да ги задоволи барањата за КПУ дефинирани во Правилникот за правилата на актуарската професија и да води евиденција за КПУ согласно истиот.

**III. КОМИСИЈА ЗА КПУ**

Член 5

(1) Извршниот орган на Здружението формира Комисија за КПУ.

(2) Комисијата се состои од 3 члена, од кои едниот е Претседател. Комисијата избира свој Претседател со мнозинство гласови.

(3) Мандатот на Комисијата е 2 години, почнувајќи од денот на донесувањето на Одлуката за нејзин избор.

(4) Извршниот орган на Здружението се состанува 15 дена пред истекот на мандатот на Комисијата, со цел донесување на Одлука за формирање на нова комисија за КПУ.

Член 6

(1) Комисијата е задолжена за спроведување на целосна постапка со цел проверка и вреднување на доставената евиденција за КПУ од страна на секој Член.

(2) Комисијата препорачува релевантни настани за КПУ и во случај на несигурност одлучува за квантитетот на КПУ на секој Член. Комисијата соработува со домашни и меѓународни организации релевантни за КПУ.

Член 7

(1) Комисијата одржува најмалку 1 состанок во текот на годината, во месец март. По потреба Комисијата може да се состане и повеќе пати во годината.

(2) Комисијата прави записници од одржаните состаноци.

Член 8

(1) Комисијата најдоцна до 31.5. ја проверува евиденцијата за КПУ за секој Член.

(2) Комисијата поднесува извештај за работата до Извршниот орган најмалку еднаш годишно. Во прилог на извештајот се доставува евиденција од направената проверка и вреднување на КПУ за секој Член одделно за претходната календарска година.

## **IV. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КПУ**

Член 9

(1) Секој Член, освен ако нема писмено одобрување да биде исклучен, должен е најдоцна до 28.2., да достави евиденција за КПУ во изминатата година на електронската адреса на Здружението со назнака за Комисија за КПУ.

(2) На барање на Комисијата, но само ако нема доволно информации за активностите, Членот треба да достави и дополнителна документација во врска со формалните активности.

Член 10

(1) Извештајот за КПУ се однесува на периодот од 1.1. до 31.12. во претходната календарска година (во натамошниот текст: разгледуван период).

(2) Евиденцијата треба да биде уредна и доставена во форма согласно член 7 од Правилникот за правилата на актуарската професија.

(3) Ако Членот не достави извештај до Комисијата, тогаш се смета дека Членот не остварил часови за КПУ во разгледуваниот период.

Член 11

(1) Доколку Комисијата утврди дека Членот не ги задоволил барањата за КПУ за разгледуваниот период, но не е изминат период од 2 години од моментот на донесување на овој правилник, Комисијата го известува Членот за неисполнување на обврската за разгледуваниот период преку електронска пошта најдоцна до 31.5. од тековната година.

(2) Доколку Комисијата утврди дека Членот не ги задоволил барањата за КПУ за разгледуваниот период, но Членот ги задоволил барањата за КПУ согласно член 4 став (2) од Правилникот за правилата на актуарската професија; Комисијата го известува Членот за неисполнување на обврската за разгледуваниот период, преку електронска пошта најдоцна до 31.5. од тековната година.

(3) Доколку Комисијата утврди дека Членот не ги задоволил барањата за КПУ за 3 последователни години согласно член 4 став (2) од Правилникот за правилата на актуарската професија, Комисијата донесува мерка - Опомена.

(4) Опомената, заедно со образложение потпишано од сите членови на Комисијата му се испраќа на Членот преку електронска пошта најдоцна до 31.5. од тековната година, и на истата Членот има право на жалба во рок од 5 работни дена.

(5) Жалбата треба да биде испратена на електронската адреса на Здружението со назнака за Комисија за КПУ.

(6) Комисијата има рок од 8 работни дена да одговори на жалбата на Членот.

Член 12

(1) Доколку Членот не поднесе жалба кон Опомента, или пак Комисијата ја одбие Жалбата, Комисијата донесува мерка – Непочитување на барањата за континуирано професионално усовршување.

(2) Во случај на непочитување на барањата за КПУ пропишани со овој правилник, ќе се смета дека Членот не се придржува кон правилата на актуарската професија и не се придржува кон Кодексот на однесување на Здружението.

(3) Комисијата за изречената мерка - Непочитување на барањата за континуирано професионално усовршување на Член, го известува Извршниот орган на Здружението.

(4) Комисијата за изречената мерка - Непочитување на барањата за континуирано професионално усовршување на Член, доставува тужба до Комисијата за дисциплинска постапка, согласно Правилникот за дисциплинска постапка.

(5) Комисијата за изречена мерка - Непочитување на барањата за континуирано професионално усовршување на Член, кој има дозвола за работа како овластен актуар издадена од Агенцијата за супервизија на осигурување, односно Министерството за финансии, ја известува Агенцијата за супервизија на осиурување.

V. **ИСКЛУЧОЦИ**

Член 13

Член кој не е вработен, односно Член кој не дава совети, кои клиентите би можеле да ги разберат како актуарски совети, може да бара исклучување од овој правилник за претходната календарска година. Барањето за исклучување, треба да биде испратено на електронската адреса на Здружението со назнака за Комисијата за КПУ, најдоцна 5 дена по истекот на календарската година. Комисијата ќе го прифати или одбие барањето и за одлуката ќе го извести Членот преку електронска пошта, најдоцна до 31.1 од календарската година.

**VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 14

(1) Овој правилник стапува во сила во рок од 8 дена од неговото донесување на седница на Собранието на Здружението.

(2) Овој правилник за прв пат ќе се применува за 2015 година.

(3) По исклучок од претходниот став, за придружните членови на Здружението кои немаат дозвола за работа како овластен актуар издадена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, односно Министерството за финансии, овој правилник за прв пат ќе се применува за 2016 година.

23.12.2015 г. Претседател на Собранието

Скопје Билјана Петроска

Македонско актуарско здружение "АКТУАР" СКОПЈЕ